## Интернационален театарски институт ИТИ

**Светска организација за изведбените уметности**

**Меѓународен ден на танцот, 29 април 2014**

**Порака од Мурад Мерзуки**

Секој уметник се гордее со својата уметност.

Уметникот секогаш ќе ја брани уметничката форма која му го сменила животот. По неа копнеел, поради неа губел и има горечка желба да ја сподели: без разлика дали е тоа ехото на гласот, откриениот збор, толкувањето на текст кој нуди човечност, музиката без којашто универзумот ќе престане да ни зборува, или движењето кое ги отвора портите кон грациозноста.

Поради танцот, не само што чувствувам гордост на танчер и креограф туку и длабока благодарност. Танцот ми ја даде мојата животна шанса за среќа. Танцот со својата дисциплина стана моја етика и ми даде средства преку кои секојдневно го откривам светот.

Поблизок ми е од сè останато и секојдневно ме охрабрува преку енергијата и дарежливоста својствени само за него. Неговата поезија ме утешува.

Можам ли да кажам дека не би постоел без танцот? Без способноста за израз која ми ја дава? Без довербата што ја најдов во него, за да ги наминам своите стравови и да ги избегнам погрешните патишта?

Благодарение на танцот се нурнав во убавината и комплексноста на светот, станав негов граѓанин. Необичен граѓанин кој низ своите животни средби ги редефинира социјалните кодови, останувајќи верен на хип-хоп културата која ја трансформира негативната енергија во позитивна сила.

Танцот е секојдневен извор на гордост. Но, живеејќи со оваа гордост јас сум и длабоко загрижен. Гледам околу мене како дел од младината на работничката класа, растејќи во тензии и со фрустрации го губи балансот и не умее да ја замисли својата иднина. Јас сум еден од нив, сите ние сме како нив. Можеби повеќе од останатите, мене ме води желбата преку личен пример да им помогнам да ја вратат страста за животот.

Зарем не е општеството побогато со богатствата што секој од нас ги носи?

Културата обединува повеќе од било кој дискурс. Затоа бидете храбри и ризикувајте и покрај препреките и омразата со кои несомнено ќе се соочите; убавината на светот секојпат ќе биде на ваша страна. Како што танцот беше за мене. Со својата посебна сила танцот ги елиминира социјалните и етничките разлики, сведувајќи нè само на движењето на нашите тела во нивната едноставна природа на човечки битија кои се враќаат кон чистиот и единствен израз, заеднички за сите.

Би сакал да завршам цитирајќи го Рене Шар чии што зборови секојдневно ме потсетуваат да не дозволам никому да нè ограничи на однапред дефинирани улоги.

“Предизвикувајте ја судбината, цврсто држете се за вашата среќа и ризикувајте. Гледајќи ве вас, ќе се навикнат на тоа.”

Затоа обидете се, и ако доживеете неуспех, започнете одново, но пред се танцувајте, никогаш не престанувајте да танцувате!

Превод: Кристина Пешева-Диневска